З А П И С Н И К

Од 11- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 11-та редовна седница на ден 07.07.2022 година (Четврток) со почеток во 16.00 часот во просториите на локалната самоуправа на општина Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците Блажо Коцев и Илми Мустафов.
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево
Пред да биде предложен дневниот ред за работа на единајсетата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од десетата седница на совет на општина Василево одржана на ден 21.06.2022 година, немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 11 -та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-одлука за утврдување на приоритет на проект за реконструкција на улица во с. Василево
2. Донесување на одлука по барање за градежен материјал поднесено од Црковниот одбор „Св. Никола“ од с. Градашорци.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 11 – тата седница на советот на општина Василево за збор се јави Ристо Делјанов предложи надополнување на дневниот ред уште со 8 дополнителни точки:
Како 3-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Владевци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 4-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Ангелци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 5-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Градашорци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 6-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година.
Како 7-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Василево за 2022 година.
Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2022 година.
Како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог-Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2022 година.
Како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:Предлог Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата.
Александра Мадевска предлага како 11-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Советнички прашања.

Алексанра Мадевска имаше забелешка околу дополнителните точки кои што беа предложени за надополнување на дневниот ред бидејќи материјалите што треба да бидат доставени треба да бидат разгледани, на дневен ред има 2 точки а се надополнува уште со 8 дополнителни точки и од наредните седници рече дека советничката група на СДСМ дополнителни точки ќе ги поприфати само точките за доделување на финансиска помош каде што се барат средства за лекување.
Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ристо Делијанов дасе надополни дневниот ред уште со 8дополнителни точки:
Како 3-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:
Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Владевци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 4-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Ангелци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 5-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Градашорци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 6-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година.
Како 7-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Василево за 2022 година.
Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2022 година.
Како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог-Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2022 година.
Како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:Предлог Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата.
Заедно со предложениот предлог наАлександра Мадевска како 11-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Советнички прашања беше ставен на гласење од вкупно присутни 11 советници Советот на општина Василево го усвои со 11гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на динасетата седница на совет со усвоениот предлог на Ристо Далјанов да се надополни дневниот ред со 8 дополнителни точки:
Како 3-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:
Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Владевци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 4-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Ангелци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 5-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Градашорци, општина Василево(плански период 2018-2028)
Како 6-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година.
Како 7-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Василево за 2022 година.
Како 8-ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2022 година.
Како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2022 година.
Како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:Предлог Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата, заедно со предложениот предлог наАлександра Мадевска како 11-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Советнички прашања беше ставен на гласење од

вкупно присутни 13советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

Поради немање кворум за работа комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој не беше состаната.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред; Предлог-одлука за утврдување на приоритет на проект за реконструкција на улица во с. Василево, образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево речe дека повикот е од Агенцијата за финансиоска подршка во земјоделството и руралниот развој каде што до сабота треба да се аплицира и предложи:измена во делот на Одлуката и да гласи: Изградба на пристапен пат за пристап до земјоделско земјиште крак 3 во населено место Василево општина Василево. рече дека се однесува за место викано Широк пат позади гробиштата таму има обработливи површини се оди на крак 3 бидејќи проектот е поделен на неколку краци што го прави проектанска кука тој крак го опфаќа кракот што е спрема Добрашинци и доколку се направи тој пат е од големо значење каде што населените места Добрашинци и Нова Маала ќе бидат поврзани со Василево. Повикот е за тампонирање меѓутоа и општината може да аплицира за асфалтирање што е добро тој пат да се реализира бидејќи има голема фреквенција на раздвижување.

Немаше друг пријавено за збор предложената измена на градоначалникот Славе Андонов во делот на Одлуката да гласи: Изградба на пристапен пат за пристап до земјоделско земјиште крак 3 во населено место Василево општина Василево. , беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,.

Немаше друг пријавено за збор првата точка: Предлог-одлука за утврдување на приоритет на проект за реконструкција на улица во с. Василево, со усвоениот предлог на градоначалникот кој гласи:, Изградба на пристапен пат за пристап до земјоделско земјиште крак 3 во населено место Василево општина Василево, беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за градежен материјал поднесено од Црковниот одбор „Св. Никола“ од с. Градашорци.Немаше пријавено за збор втората точка од дневниот ред:, беше ставена на гласење од 13присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со13ласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Владевци, општина Василево(плански период 2018-2028) за збор се јави

Славе Андонов градоначалник на општина Василево за период од13 години како е вработен досега не беа рзгледувани овие урбанистички планови не беше донесен ниту еден урбанистички план за ниту едно населено место. Во 2016 година се поднесоа тие урбанистички планови. Има урбанистички план за Василево и Пиперево, смета дека без урбанизација нема напредок на општината општината неможе да се подпира само на државата ниту пак на данок на имот одредени урбанистичките планови придонесоа многу за општината од кога дојде тој има ангажирано лица што ги вади урбанистичките планови за две недели беа завршени и трита плана во наредниот период ќе обрати внимание на Василево и Пиперево. Тој има одено во Агенцијата за простор и планирање кажано му е дека Василево има еден од подобрите урбанистички планови но за жал четири години нема ништо преземено, бидејќи има детална разработка доле спрема Пиперево и Василево каде што се блоците за продажба може да се продават за домување, има и видео изработка за просторно планирање која би изгледала како населба, изгледа многу убаво и се надева во наредниот период во текот на тој мандат ќе се реализира и Василево и Пиперево се надева дека ќе се реализира и за некое помало село на исти начин.

Околу урбанистичкиот план за село Владевци се работи за површина од 38 ха кој што е предвиден за домување на станбени куќии за социјална заштита таму е предвидена и градинка, основно школо и комерцијални објекти кој што е значајно за трите населени места и главна придобивка за глаганите што ќе може да оформат, државата со изработка на урбанистички проект и преку комисијата која што е формирана требе да почне со продажба на 11.07 ке полагат членовите што се во комисијата а граѓаните ќе почнат да купуват, што значи општината ќе добие средства нагласи дека урбанизацијата значи плански развој на населените места од кој бенефит ќе имаат и општината и граѓаните на населените места, кои ќе можат да ги направат оформување на сопствените парцели и на тој начин да си ја зголемат вредноста на сопствениот имот.

Крсте Панев член на советот на општина Василево рече дека даден е периодот за донесување на урбанистички планови од 2018 до 2028 година а градоначалникот предмалку спомна дека ништо нема преземено во предходните четири години рече дека тој во предходниот мандат беше претседател на Советот и добро е запознаен дека се правеше се снимаше и упишуваше двапати се испраќаше до Скопје сака да го корегира градоначалникот дека Горан Андонов тогаш вработен во оделението за урбанизам го припремаше тоа колку што знае, само не знае до каде е стигнато според него тоа не зависи од општината туку од Скопје означен е и периодот од кога е одпочнато да се реализира тие урбанистички планови.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека овие урбанистички планови беа поднесени уште во 2016 година сака да каже и понапред се има работено за донесување на тие урбанистички планови сега не е вртеме за тоа да зборува, битно е дека тој проблем се реши со ангажирање на надворешно лиц и беше завршено, додека урбанистичките планови за населените места Пиперево и Василево државата ги финансира. Рече дека има дефицит на кадри во општината кој не сакат таму да работат од тие причини беше ангажирано надворешно лице со искуство што покажа резултати и се надева дека ќе ги заврши и тие два плана. Единствен развој за општината има од тие приходи бидејќи општина Василево се наога на добро место положба.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Владевци, општина Василево(плански период 2018-2028) , беше ставена на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред : Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Ангелци, општина Василево(плански период 2018-2028)образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека урбанистичкиот план за Ангелци се работи за 40 хектари површина тука е предвидено градинка што веќе ја има и основното школо исти се придобивките само со дооформување ќе може да ги добијат предобивките што ги има.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: : Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Ангелци, општина Василево(плански период 2018-2028)
беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со13 гласа,, за,, ,, против,,5 и ,, воздржани,, нема.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Градашорци, општина Василево(плански период 2018-2028) образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека овој урбанистички план е специфичен предвидена е нова индустриска зона, верски објекти во центарот и школото има и за домување.
Немаше друг пријавено за збор Петата точка од дневниот ред: Предло-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Градашорци, општина Василево(плански период 2018-2028)беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со13гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: : Предлог- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година. за збор се Славе Андонов градоначалник на општина Василево образложение даде по двете точки рече дека овие точки се поминати се работи за грешка меѓу одделението за финансии и Министерството за финансии се бара уште еднаш да поминат на седница повеќе се однесува за школите

Немаше друг пријавено за збор шестата точка оддневниот ред: Предлог- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година, беше ставена на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Василево за 2022 година никој не се јави за збор беше ставен

на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 12гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржа нема.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Предлог- Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2022 година,образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се работи за усогласување на програмата според ребалансот, досега се нема работено на тој законски начин во предходните два мандати рече дека штом се прави ребаланс мора да се менува и програмата бидејќи нема повеќе средства. Направена е оваа програма и тука може да се види дека за Василево ги нема улиците бидејќи се оди на изградба на крак за канализација има советници од сите населени места но мора да се согледуват реално работите состојбата е таква на општината каква што е се труди да крати за да се додаде на капитални инвестиции од една страна се помага на економијата на државата има направено ребаланс со кратење и ставање средства за капитални инвестиции за да се помогне на фирмите. Василево е одземено заради кракот за канализација, спецификацијата е готова тендерот ќе биде распишан идната недела и Нова Мала е одземена бидејќи таму има најава дека ќе се гради главниот пат и центарот на Нова Маала според него смета дека добро е направено и равномерен развој додадени се Едрениково и Ангелци. За Ангелци 22м што е останато недовршено. Програмата е направена според спецификација ангажиран е градежен инжинер и за тоа некаде има промени на сумите според моменталните цени. Рече дека досега програмите се правеа формално, Сега тука се напишани приближно колку што ќе бидат објавени на тендерот.
Александра Мадевска: градоначалникот спомна дека Нова Маала е одземена за тоа што Василево бара за крак апелира до градоначалникот има најава дека ќе се гради главниот пат праша колку е сигурно дека ќе се гради и дали ќе биде одобрено тоа неможе да се знае. За Чанаклија гледа две улици Во Радичево се зголемува од 200м на 600м праша зошто се одземени кога не е сигурно на другите улици дали ке се реализират или нема да се реализират според неа сите советници доагат од различни села таа како советник од Нова Маала тој проект што е правен овој градежен инжинер не и се допаѓа за тоа што доколку им треба да има за сите населени места доколку нема да нема за никој, побара образложение дали е сигурно дека ќе се реализира така како што кажува градоначалникот .
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека според нејзиното прашање може да се постави и друга реториско прашање доколку се усвои и таму и тука во Василево и Градашорци ќе има по една работа и Радичево. Во Дукатино се гради водовод таму има разбирање и од граганите таму има 400.000 денари инвестиција според него реално е направено и равномерно.
Александра Мадевска како што има одлука за измена на буџетот може да има и одлука за измена на патишта праша што ако и од таму биде одбиено.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека тоа не е можно така тендерот ќе се распише идната недела штом се распише работата е завршена не може да се менува и друг тендер несмее да се распише оваа година, само еднаш се распишува тендер за тоа е и така направено другите со новата програма во декември. Во неговиот мандат има обеќано дека нема да остави улица неасфалтирана и така се реализира.
Крсто Панов член на советот праша дали со измената сите ќе бидат од Буџетот на општината бидејќи има измена на сумата од 1.800.000 се зголемува на 5.500.000 денари.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има дел и од институциите Агенција за патишта каде секоја година стигат по 2.000.000 денари од фондот за патишта според негово искуство може да падне на аукција и на 3.000 000 денар .
Крсто Панов праша дали сите тие улици ќе одат на еден тендер бидејќи тоа се многу пари.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека рече дека секој пат било толку.
Крсто Панов за пример го зеде Сушево за 75м улица 543.000 денари
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека тоа е поради тоа дека во минатиот период недобро се носени програмите сега се правени според проектот како што е.
Крсто Панов праша дали улиците ќе бидат сите исти 50м во Сушево.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека за секое населено место има спецификација нема ништо различно различно е тоа што е дадена реалната цена.

Немаше друг пријавено за збор осмата точка оддневниот ред: Предлог- Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици за 2022 година, беше ставен на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Предлог- изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2022 година, за збор се јави Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека канализацијата што беше за Василево од 2.000.000 денари е зголемена на 4.000 000 денари за да оди работата како што треба треба да го има и во програмата.

Немаше друг пријавено за збор деветата точка оддневниот ред: Предлог- изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2022 година, беше ставен на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

10.

По отворената расправа по десетата точка од дневниот ред Предлог Одлука за давањесогласност за намената на инвестицијата за збор се јави Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се работи за ист проект тоа е одлука за намена на инвестиции треба две одлуки да се донесат барањата се такви

Немаше пријавено за збор десетата точка беше ставен на гласење од 13присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

11.

По отворената расправа по единајсетата точка од дневниот ред : Советнички прашања за збор се јави Александра Мадевска рече дека во Нова Маала подолг период нема улично.

Второ прашање ЈКП нема ништо пореземено тревите не се искосени се е е запустено праша што планира општината дали се планира да се преземе нешто.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека во текот на черашниот ден беше косено во школото и покрај патот.

Крсто Панов праша што со каналот во Василево дали се презема меркиза тоа.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има испшратено допис до Струмички слив бидејќи тоа е под нивна надлежност доколку до утрешниот ден не дојдат ќе распише тендер тој канал не тече добро е и да се затвори рече дека таму ќе се преземат мерки запознаен е дека има миризба има и несовесни грагани има пуштено допис но нема добиено одговор.

Крсто Панов праша дали има шанса тој канал да биде затворен.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече секако таму ќе има булевар.

Александра Мадевска праша дали може багерот да се прати кај кафаната на Нацето воДобрашинци и кај црквата кај самата река има песок да помине багерот да го санира тој проблем

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека наноси има стално, стално има проблем еден човек и еден багер има многу работа проблемот е што нема кадри нема конкуренција на работна сила има проблем со работници тој проблем го има секаде Багеристите зимат 40.000 денари а багеристот

во ЈКП зима 25.000 денари и тој би сакал да има уште еден багерист за да нема такви проблеми. Рече дека во текот на наредниот ден е договорено за Нова Малаа да ги среди полските патишта.
Крсте Панев праша до каде е со заедничкиот багер што е во Босилово.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека од кога настапија новите градоначалници се имат договорено да рутира на две недели кој кога има потреба си поднесува барање,.
Крсто Панов рече дека подобро е да има договор направено.
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека досега немаше мајстор да го направи сега се има нафатено еден мајстор да го отклони дефектот наредниот пат тој ќе се користи мора да се направи корпата е за никаде а невозможно е без багер. Општина Нов Село зема кредит за да купи мало багерче за комуналното претпријатие според него ЈКП треба да има такво багерче.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 11- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов